Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 513/2
25.12. 2023 год.
ГРАДСКО

# ЗАПИСНИК

**од 28-та седница на Советот на Општина Градско одржана на ден 30.11.2023 година, со почеток во 15.00 часот во салата на Општина Градско на следниот**

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од 27-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Програма за работа на советот на општина Градско за 2024 година.
3. Предлог- Програма за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2024 година.
5. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Градско за 2024 година.
6. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2024 година.
7. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.
8. Предлог- Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2024 година.
9. Разгледувања на барања и поднесоци
10. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 28-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 27-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 27-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 27-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 27-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Програма за работа на советот на општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Програмата е поделена на квартали и во секој квартал е опишано кои акти се донесуваат во текот на годината. Оваа програма може да трпи измени и дополнувања доколку има потреба.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на советот на општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на советот на општина Градско за 2024 година.

*3.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Со оваа програма се предвидува изработка на УП за село и УП за вон населени места во општина Градско. Во моментов активни се пет урбанистички планови. Програмата може да менува и дополнува.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.

*4.Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Општина Градско има право да располага со градежно земјиште во државна сопственост. Во 2024 година предвидено е да се формираат градежни парцели на дел од КП 29/1 и КП 29/2 КО Градско и истите ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање. Очекуваме приходи од 500.000,00 денари како минимален изност. Во врска со застојот на плацевите, е поради тоа што од јануари до септември имотниот лист беше чист, во откомври на имотниот лист стоеше дека е под закуп на Вардар Градско. Од страна на Флокс друштво за проценка и вештачење требаше да се направи проценка и да се раскине договорот со МЗШВ. Сега е средено и договорот за закуп е раскинат.

Киро Нацков- требаше одобрение од МЗШВ, од Вардар дадоа изјава дека земјиштето не е веќе под закуп.

Мирјана Ѓорѓиева- има ли интерес од страна на граѓаните.

Киро Нацков- има што прашуваат, но ќе видиме реално на наддавањето.

Сеат Сулковиќ- исто ли е 1 евро.

Киро Нацков- да, а во однос на парцелата кај Дади Компани се јавија пет заинтересирани страни. Вкупната постигната сума е 1.800.000,00 денари, односно од 61.00 денар стаса до 291,00 денар. Во рок од една година треба да изгради 30% од парцелата.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2024 година.

*5.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Киро Нацков- програмата се носи секоја година, се става тоа што се планира да се прави но може да се менува во зависност од финансиските средства. Реконструкција на улица Јане Сандански и Реконструкција на локален пат за село Виничани се ставени во програмата поради тоа што се уште не се реализирани од причини што фирмата која што беше избрана се затвори и има ретендерирање, до 8 декември треба да не известат која фирма ќе работи на проектите. Програмата е ботна поради тоа што до изборите ќе се гради согласно оваа програма односно до тогаш не може да се менува. Освен овие предвидени се улици во Градско, Виничани, Водоврати, Уланци и Кочилари.

Слободан Бошков- за реконструкција на крак од улица 8 Септември за кој крак станува збор.

Киро Нацков- од општината до Бошко Петрушев.

Слободан Бошков- да се опфати до Цимишиќ, да не се заборави.

Киро Нацков- планирано е да се реконструира цела улица, ќе се направи до крај. Програмата е неменлива до изборите, после тоа може да се менува.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Градско за 2024 година.

*6.Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Мери Седмакова Димовска- до минатата година беше една програма за образование, култура и спорт, оваа година се посебно изготвени програми и ~~активностите~~ се поделени според активностите.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2024 година.

*7.Програма за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Боне Спасовски- за денот на Ромите 40.000,00 денари за другите 20.000,00 денари, нека биде за сите исто.

Киро Нацков- не е проблем, но средствата што се планирани се за различна намена поради тоа е така.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.

*8.Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2024 година.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Благојче Кулев од Велес за користење на стара разрушена куќа (поранешно школо) во село Долно Чичево кое се води на имотен лист бр.176 КП 1972 КО Чичево.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од Благојче Кулев од Велес.

*10.Разно*

Маја Андовска- во врска со Жито имало некој договор ќе ја тужеле општината.

Слободан Бошков- ако треба да се повлече, сега се прави плоштадот и тоа треба да се реши.

Киро Нацков- доставивме известувања до сите, Гоце Ангелов и аптеката не направија проблем, од Душко Тасов немавме одговор. Дојде Далибор газдата на Жито со правник им ја

објаснив целата ситуација, Емилија им го презентираше проектот, има узурпација од 28м2. Се јавуваа секаде, имаше закани дека ќе го затворат маркетот, вработените ќе дојдат пред општина и сл. Исто така и Томе Бабунски од Агриа беше изненаден 50% од објектот не е на Душко, општинско е, касно ги информирале, бараат да се одложи за да најдат друга локација. Душко имал постапка во ИПР, му рековме колку дена му треба плус да си го реши проблемот, но тоа може да трае долго.

Слободан Бошков- во делот на ИПР сите потстанари имаат исто право, односно колку што е широка зградата повеќе не.

Киро Нацков- не очекував дека ќе треба да правиме јавна набавка за рушење, но мора да се реши. Може да се прошири со кафаната. Аптеката чека од Министерство за здравство дозвола за локација.

Маја Андовска- други објекти имаат ли узурпирано.

Киро Нацков- има од библиотеката до школото скоро сите.

Мирјана Ѓорѓиева- времените објекти што не работат дали плаќаат нешто.

Киро Нацков- тие што функционираат плаќаат фирмарина, а празните не.

Маја Андовска- треба да плаќаат и не треба да ги даваат под закуп.

Емилија Тасевска Колева- треба да си направат елаборат и да го достават до општината.

Боне Спасовски- треба сите да плаќаат.

Слободан Бошков- да се известат. До комисијата за јавни дејности дали до 16 декември ќе има седница за да дадиме предлог за хуманост кој има најмногу дарувано крв.

Киро Нацков- да, да се размисли може да се предложи и некој кој што е по потекло од Градско, а е истакната личност, но да не се повторуваат лицата ~~на~~ кои досега имаат добиено благодарници.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 28-та седница во 17:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева